Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 64, 13 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле фармација, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за наставно-научното поле фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле економски науки и менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Современи инженерски материјали“ од авторите д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**ПРИГОВОР** од кандидатот Јован Шоповски ........ 29

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатот Јован Шоповски ........ 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**До**

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Правен факултет – Кочани**
**(Наставно-научен совет)**

**П Р И Г О В О Р**

На ден 1 јули 2011 год. во Универзитетски билтен за месец јули 2011 год. е објавен реферат од Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област меѓународно право на Правен факултет – Кочани.

Во рефератот поднесен од Комисијата стои дека Конкурсот за овој избор бил објавен во весниците „Време“ и „Лајм“ и во предвидениот рок се пријавиле двајца кандидати, меѓу кои го нема моето име.

Со овој поднесок ја известувам Рецензентската комисија дека станува збор за Конкурс на кој како магистер на правни науки и подолг период демонстратор на Правниот факултет во Кочани се имам пријавено (за што располагам со Пријава заверена со печат во архивата на Универзитетот во Штип), но од непознати причини мојата пријава во чиј прилог се поднесени сите соодветни документи (Уверение за државјанство, заверена копија од Уверение за одбранет магистерски труд, нотарски заверена копија од диплома за завршено соодветно образование и кратка биографија) не е разгледана од страна на Рецензентската комисија.

Поради ова барам од споменатата Комисија, согласно со член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ број 35 од 14 март 2008 год.) да ја разгледа и објективно да ја евалуира мојата пријава по Конкурсот, а сето ова во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот.

Притоа барам при оценувањето на пријавените кандидати, Комисијата да го запази член 129, став 1 од Законот за високото образование, табела 18 од Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на Универзитетот (донесен на Универзитетски сенат, 21. седница, одржана на 15 јуни 2009 год.), како и тоа, при изготвување на табелите за оцена на кандидатите, да го земе предвид списокот на објавени стручни трудови од областа на правните науки во домашни и меѓународни списанија, како и учество на стручни собири во земјава и во странство.

Од актуелниот предлог на кандидат за избор од страна на Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот, всушност, е поднесен реферат со кој е направена суштествена повреда на позитивните законски прописи во РМ и кој во евентуална постапка пред судски инстанци би бил подложен на ништовност.

**Со почит,**
**м-р Јован Шоповски, с.р.**

**Кочани, 4 јули 2011 год.**